# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА

Во Годишниот план на МВР за 2025 година беа предвидени активности за две стратешки програми од Стратешкиот план на МВР 2025-2027 година.

- Стратешката програма ***РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА*** е разработена во шест потпрограми:
  - ***Вклучување и комуникација со заедницата*** се реализираше преку 11 мерки со 13 активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал*** се реализираше преку 14 мерки со 17 активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата*** се реализираше преку 10 мерки и 10 активности. Програмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника*** се реализираше преку четири мерки и пет активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграции,*** се реализираше преку три мерки и четири активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби*** се реализираше преку пет мерки со пет активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година.

- Стратешката програма ***УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР*** е разработена во шест потпрограми:
  - ***Воведување систем за управување со документи (DMS)*** предвидени се една мерка со 12 активности и истите се реализирани, со што потпрограмата не продолжува во 2026 година;
  - ***Управување со човечки ресурси,*** предвидени се една мерка со една активност и истите се реализирани, со што потпрограмата не продолжува во 2026 година;
  - ***Унапредување на системот за обука на вработените во МВР,*** се реализираше преку пет мерки со пет активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР*** се реализираше преку 14 мерки со 45 активности, Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации*** се реализираше преку три мерки со три активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година;
  - ***Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма*** се реализираше преку две мерки со две активности. Потпрограмата продолжува со реализација во 2026 година.

Во табеларниот приказ за стратешките програми прикажани се податоци за нивно поврзување со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, како и приоритетите и целите на МВР, додека за мерките во потпрограмите наведени се активностите преку се реализираа мерките, како и финансиски средства и одговорни организациски единици.

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

### 2.1. Стратешка програма *Развој на полицијата*

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешки приоритети и цели на Владата**<br><br>**Поврзаност со приоритетите и целите на МВР** | Програмата **Развој на полицијата** поврзана со **приоритетите на Владата:** *Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото и Интеграција во Република Северна Македонија во Европската Унија.*<br>**приоритетни цели:** *Модернизација на безбедносниот сектор, јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција и реформи во насока на владеење на правото, Унапредување на механизмите за одговорност и режимот на мерки и санкции за дела на корупција, несовесно работење и прекршувања на правилата за спречување судир на интереси, Зајакнување на капацитетите во борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, Јакнење на сајбер безбедноста и отпорноста на институциите, Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите, Унапредување на концептот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство спрема жените и девојчињата и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите, Квалитетно управување со координативните структури, на планирањето, развивањето, спроведувањето и известување за Националната програма за усвојување на првото на Европската Унија (НПАА), Квалитетна подготовка, планирањето, спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците и Натамошно унапредување на добрососедските односи и активно учество во регионалните иницијативи со цел постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка.*<br>поврзаност со **приоритетите на МВР:** *Модернизација на министерството за внатрешни работи и јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија, Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеење на правото, Зголемување на нивото на јавната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај, Спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил, Соработка и воспоставување на заеднички стандарди за сајбер безбедност и Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство.* |

| | |
|---|---|
| | **<u>приоритетни цели:</u>**<br>- *имплементација на Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година*<br>- *имплементација на Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025 година*<br>- *справување со корупцијата и криминалот и обезбедување на владеење на правото*<br>- *зајакнување на капацитетите во борба против трговија со луѓе и илегална миграција*<br>- *зајакнување на капацитетите на специјализираните полициски служби*<br>- *преземање и примена на најдобрите ЕУ практики и стандарди*<br>- *афирмација на министерството на меѓународен план преку спроведување на билатералните и мултилатералните договори и соработка со меѓународни организации и регионални инцијативи*<br>- *успешно искористување на инструментот за претпристапна помош-ИПА преку учество на МВР во реализација на национални и регионални проекти*<br>- *подготовка на МВР во континуирано зајакнување на капацитетите во насока на Реформската агенда за имплементација на европските стандарди*<br>- *изградба и реконструкција на полициски станици од општа надлежност и подобрени материјално-технички средства за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата*<br>- *справување со сајбер заканите со примена на нови технологии и мерки*<br>- *имплементација на родова еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности на жени и мажи во рамки на министерството* |

| **Потпрограма** Вклучување и комуникација со заедницата | | **Цел на потпрограма**<br>Ефективно превентивно полициско работење и зголемување на довербата на граѓаните во полицијата | **Одговорен -** ОЕ за превенција,<br>ЕВР/ОВР, ОГР, ОГРМ, ОУП, ООЈСП |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Афирмирање и охрабрување на остварувањата на ЛСП<br>**активност:** промоција и споделување на добри практики од работењето на ЛСП | **показатели:**<br>- подобрен пристап во работењето на полицијата како сервис на граѓаните<br>**појдовна основа:**<br>воспоставување функционален и превентивен систем на полициско работење во заедницата<br>**планираниот резултат:**<br>- зголемена доверба на граѓаните во полицијата | Од страна на вработени во надлежни Отсеци за превенција одржани се неколку работни средби со Локални совети за превенција и тоа со ЛСП во ОВР Берово, на која се дискутирало за носење одлуки за постапување при шумски пожари, со претставници од ОБСЕ, средби со градоначалниците на општините Велес, Чашка, Росоман, Кавадарци и Неготино, со цел иницирање и формирање локални совети за превенција, учество на првата конститутивна седница на Локалниот совет за превенција во Општина Тетово, како советодавно и координативно тело за унапредување на јавната безбедност и градење доверба меѓу институциите и граѓаните. Покрај ова, од страна на надлежната организациска единица за односи со јавност и протокол, самостојно или во соработка со СВР-а, континуирано спроведувала превентивни активности од различни тематски содржини во насока на превенција и информирање на граѓаните. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка:** Полициско работење во заедницата<br>**активност:** активно вклучување на ЛСП за навремено реагирање при инциденти и настани<br>**активност:** ангажирање на ЛСП за развивање на превентивни активности и концепти за можни ризици од појава на одредени асоцијални или девијантни поведенија | **показател:** подобрени компетенции на полициски службеници во полициското работење со заедницата<br>**појдовна основа:** воспоставување функционален и превентивен систем на полициско работење во заедницата<br>**планиран резултат:**<br>- зголемена доверба на граѓаните во полицијата<br>-подобрена информираноста на граѓаните за остварување на потребите во рамки на министерството | - во однос на *полициското работење во заедницата,* од *аспект на активно вклучување на ЛСП за навремено реагирање при инциденти и настани*, во континуитет се одржуваа работни состаноци со претставници од локалната самоуправа, со цел подигнување на свеста за значењето, преземањето и ставањето во функција на ЛСП;<br><br>- за *активно ангажирање на ЛСП и развивање превентивни активности и концепти за можни ризици од појава на асоцијални и девијантни однесувања*, преку проектите „Полиција и граѓаните заедно“ и „Полицијата и учениците се дружат“, континуирано се реализираа едукативни и промотивни активности со целни групи (авто школи, обложувалници, казина, агенции за обезбедување), како и преку кампањи „Заштита од провални и дрски кражби“, „Застани и разговарај“, „Заштита од измами“, „Стоп за возење под дејство на алкохол“, „Стави појас – вози безбедно“, „Зимска кампања“ и други, поддржани со разговори со граѓани и дистрибуција на едукативни и промотивни флаери. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Зголемено чувство за безбедноста на граѓаните<br>**активност:** подобрување на условите на просториите за прием на граѓани | **показател:** подобрен пристап во работењето на полицијата како сервис на граѓаните<br>**појдовна основа:** формирање на Инфо-Центри и подобрување на условите за прием на граѓани<br>**планиран резултат:**<br>-зголемена доверба на граѓаните во полицијата<br>-подобрена информираноста на граѓаните за остварување на потребите во рамки на министерството | за *подобрување на условите на простории за прием на граѓани,* дел од просториите на Одделението за управни работи-Скопје се реконструирани и истите на 10.06.2025 година се ставени во функција. Дополнително, отворени се нови канцеларии за управни работи во општините Липково, Јегуновце, Сарај, Демир Хисар и Желино, со што се подобри пристапот до услугите за локалното население. | мерката не продолжува во 2026 година |
| **мерка:** Развиена соработка меѓу институциите, локалните заедници и здруженијата на граѓани во делот на превенцијата<br>**активност:**<br>Одржување редовни тематски состаноци со граѓаните | **показател:** подобрен пристап во работењето на полицијата како сервис на граѓаните<br>**појдовна основа:** воспоставување функционален и превентивен систем на полициско работење во заедницата | Реализирани се бројни едукативни, координациски и сообраќајно-превентивни активности со цел унапредување на безбедносната култура, сообраќајната свест и спречување на криминал и девијантно однесување. На подрачјето на СВР Скопје реализирани се сообраќајно-превентивни активности и акции насочени кон контрола на | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **планиран резултат:**<br>-зголемена доверба на граѓаните во полицијата<br>- подигање на свеста кај населението за заштита од реални закани од можни кривични дела преку спроведување превентивни активности<br>-подобрена информираноста на граѓаните за остварување на потребите во рамки на министерството<br>-развиена организациска структура и зацврстување на партнерските односи со граѓаните | флешери, затемнети стакла, користење мобилни телефони и безбедносни појаси, како и кампањи „Стави појас“, „Сите сме пешаци“, „Носи кацига“, „Безбедно на е-тротинет“, „Вози безбедно“ и активности за матуранти, реализирани во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Дополнително, спроведени се едукативни активности во основни и средни училишта во Скопје, работилници со Шведската полиција и како и координативни состаноци со образовни установи. | |
| **мерка:** Унапредување на соработката со медиумите и овластените лица за комуникација со јавноста<br>**активност:** спроведување заеднички работилници за полицијата и медиумите | **показател:**<br>-подобрени компетенции на полициски службеници во полициското работење со заедницата<br>-подобрен пристап во работењето на полицијата како сервис на граѓаните<br>**појдовна основа:** воспоставување функционален и превентивен систем на полициско работење во заедницата<br>**планиран резултат:**<br>-зголемена доверба на граѓаните во полицијата<br>-развиена организациска структура и зацврстување на партнерските односи со граѓаните | Спроведени се обуки и работилници за полицијата и медиумите, во кои беа вклучени претставници од МВР во делот за односи со јавност, локалните сектори за превенција и медиумски работници со поддршка на ОБСЕ, а во насока на зајакнување на соработката меѓу заедницата, МВР и Јавното обвинителство. Воедно, учествувано е и на регионална работна група за зголемување на свеста во рамки на проектот „Поддршка за зајакнување на борбата против недозволено поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје во Западен Балкан, одржана во Јахорина, БиХ. | мерката не продолжува во 2026 година |

<table>
<tr><td colspan="2">Потпрограма: Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал</td><td>цел на потпрограма: Неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата и примена на нови технологии и стандарди за квалитет согласно стандардите на ЕУ</td><td>Одговорен: ОСОСК, СБПТНЕР, НЕСКМТЛ, НКЦСОСК, СМПС, ОКРА,ЕСПСКК</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>мерка: Развивање на капацитетите за водење на криминалистички истражувања<br>активност: обезбедување пристап до бази на податоци на институции надвор од МВР (АКН, УЈП и др.)<br>активност: Зајакнување на капацитетите за водење на финансиски истраги<br>активност: Јакнење на капацитетите за справување со корупција од среден и висок профил и поврзаност со кривични дела од организиран криминал</td><td>показатели: зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>појдовна основа: неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>планираниот резултат: пристап до сите бази на податоци</td><td>-обезбеден е пристап до кривичната и казнената евиденција на судовите, а двајца претставници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал учествувале на состанок со Агенцијата за вработување за измена на Меморандумот за соработка;<br>-за зајакнување на капацитетите на Единицата за финансиски истраги, спроведени се две обуки и тоа меѓународна обука во Холандија и online обука „BLUEPRINT“ од Американската амбасада и работилница за истраги за корупција, одржана во Скопје;<br>-за јакнење на капацитетите за справување со корупција од среден и висок профил и поврзаност со кривични дела од организиран криминал, Единицата за корупција постапува по наредби и пријави од ОЈОГОКК, ОЈО Скопје, граѓани, судови и институции, Управата за финансиско разузнавање и Државната комисија за спречување на корупција. Вработени во единицата биле вклучени во истрагата за инцидентот во Кочани и во акцијата „Темел“. Забележана е интензивна соработка со институции како УФР, УЈП, Агенцијата за катастар и други. Со цел зголемување на стручноста, вработени во единицата учествувале на повеќе обуки од оваа област, организирани од ОБСЕ, Министерството за финансии и меѓународни проекти во нашата држава, Хрватска и Германија.</td><td>мерката продолжува со реализација во 2026 година.</td></tr>
<tr><td>мерка: Креирани процедури за собирање на разузнавачки информации во затворите<br>активност:<br>-формирање на интерагенциска работна</td><td>показател: зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>појдовна основа: неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за</td><td>Одржана е работна средба за подготовка на Меморандум за соработка помеѓу БЈБ и Управата за извршување санкции. МВР предложи обезбедување безбедносни сертификати за сите вклучени во процесот. Договорено е финалната верзија на меморандумот да се дефинира по дополнителна анализа. Формирана е работна група за подзаконски</td><td>мерката продолжува со реализација во 2026 година</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| група<br>-изработка на меморандум, протокол или договор за соработка<br>-изработка на Правилник за собирање на информации во казнено - поправни институции | спроведување на истраги<br>**планиран резултат:**<br>пристап до сите бази на податоци | акт според член 59 од Законот за извршување санкции. Одржана е работна средба во однос на меморандум за соработка со Единицата за затворско разузнавање. | |
| **мерка**: Јакнење на капацитетите во борбата против тероризмот<br>**активност:** развивање на нови техники и технологии во справувањето со интернет истрагите, прибирање, комплетирање и анализа на податоци од социјалните мрежи, обезбедување на соодветни услови за ефикасна работа на деташираните ПС, зајакнување на техничко-технолошките капацитети во опсервација и обезбедување на меки цели како и објекти од критична инфраструктура. | **показател:**<br>- зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>**појдовна основа:**<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>**планиран резултат:**<br>-подобрена интерагенциска и меѓународна соработка | Од аспект на *материјално-техничко опремување за деташираните полициски станици во СВР,* обезбедени се по една канцеларија со компјутери за деташираните полициски службеници во СВР Штип и Велес. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **Мерка:** Зајакнување на човечките и техничките капацитети во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција<br>**активност:**<br>-набавка на патнички моторни возила<br>-набавка на техничка опрема за спроведување на истраги<br>-спроведување на обуки за водење на случаи за дигитално криумчарење и online трговија со луѓе/дете, преку користење на современа | **показател:**<br>-подобрени вештини за навремено откривање и идентификување на жртви на трговија со луѓе<br>**појдовна основа:**<br>-неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на нови истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>-потреба од дополнителна просторна, информатичка и материјално – техничка опременост на ОЕ за криминалистички работи и | Во соработка со Француската амбасада, IOM и Европската агенција CEPOL, реализирани се три целни обуки поврзани со истражни техники и дигитални истраги, на кои учествуваа 18 полициски службеници од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| технологија | сузбивање на организиран криминал<br>**планиран резултат:**<br>- пристап до сите бази на податоци<br>- подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија | | |
| **Мерка:** Воспоставување и зајакнување на меѓународната соработка и координација помеѓу релевантните државни институции и здруженија на граѓани во областа на трговија со луѓе и илегална миграција<br>**активност:**<br>-заеднички обуки на членовите на НЕСКМТЛ со соодветни единици (ударни групи) од регионот<br>- овозможување на трилатерални средби помеѓу полициските службеници и јавно обвинителство со Србија и Унгарија | **показател:**<br>- зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>- подобрени вештини за навремено откривање и идентификување на жртви на трговија со луѓе<br>**појдовна основа:**<br>-неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>-потреба од дополнителна просторна, информатичка и материјално – техничка опременост на ОЕ за криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал<br>**планиран резултат:**<br>-пристап до сите бази на податоци<br>- подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија. | Реализирани се активности за унапредување на заедничкото дејствување и размена на информации со регионални партнери. Полициски службеници од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, учествуваа на оперативен состанок, организиран од SELEK, во Србија, посветен на координација на активности и размена на информации за конкретна истрага против организирана криминална група, инволвирана во криумчарење мигранти. Присуствувано е и на годишен состанок на Национални координатори за борба против трговијата со луѓе и ударни групи од Западен Балкан, организиран од Меѓународната организација за миграции (IOM), со цел зајакнување на регионалната координација и споделување добри практики. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **Мерка:** Зајакнување на капацитетите за навремено и ефикасно откривање и идентификација на потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе<br>**активност:** примена на | **показател:**<br>-зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>- подобрени вештини за навремено откривање и идентификување на жртви на трговија со луѓе<br>**појдовна основа:**<br>- неопходен пристап до бази на податоци на национално и | -за *примена на проактивни методи базирани на криминалистичко разузнавање со откривање и идентификација на потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе,* полициски службеници учествувале на работилница „Процесирање на ранливи категории мигранти и не придружувани малолетници“, организирана од IOM. Присуствувано е и на работилница „Одговор на предизвиците при истраги за трговија со луѓе во | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| проактивни методи базирани на криминалистичко разузнавање со откривање и идентификација на потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе<br>**активност:** обезбедување ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело трговија со луѓе и криумчарење на мигранти | меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>-потреба од дополнителна просторна, информатичка и материјално – техничка опременост на ОЕ за криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал<br>**планиран резултат:**<br>- пристап до сите бази на податоци<br>- подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија. | Југоисточна Европа“ и регионален состанок „Справување со принуден криминал во случаи на трговија со луѓе“, организирани од UNODC;<br><br>-за *обезбедување на ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело Трговија со луѓе и Криумчарење мигранти,* учествувано е на 19 настани (шест обуки, четири конференции, осум состаноци и една работилница) во земјава и странство, организирани од национални и меѓународни институции. | |
| **Мерка**: Зајакнување на капацитетите на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал<br>**активност:**<br>- развој на софтверско решение за складирање и обработка на податоци во Центарот и развој на ИТ инфраструктурата<br>-проверки во базите на податоци на НКЦСОСК на лица за постоење индиции за несразмерност во имотната состојба<br>- измена и дополнување на СОП за организација, надлежност и функционирање на НКЦСОСК,<br>- измена и дополнување на СОП за постапување на НКЦСОСК | **показател:**<br>- зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>- модернизирана информатичка технологија, пристап до податоци во електронски бази на национално ниво<br>**појдовна основа:**<br>- неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>**планиран резултат:**<br>-пристап до сите бази на податоци<br>- подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија. | Продолжува соработката со Управата за јавни приходи, која ќе врши проверки во базите на податоци на НКЦСОСК (МВР, УФР, УЈП, УФП и ЦУ) според член 76 и 77 од Законот за данок на доход. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка:** Зголемување на капацитетите на национално ниво за пристап до меѓународните бази на податоци<br>**активност:**<br>реализација на активности за поврзување на националната база на податоци за потраги по лица и возила со базите на податоци на INTERPOL за потраги по лица и возила | **показател:**<br>**-** зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>- модернизирана информатичка технологија и пристап на податоци до електронскит бази на национално ниво<br>**појдовна основа:**<br>-неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>**планиран резултат:**<br>- пристап до сите бази на податоци<br>-подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија. | Се изработува развојна алатка за автоматско поврзување на националната база за потраги со базите на Interpol, досега се доставени тест-податоци, делумно е завршен модулот за потрага по возила и огнено оружје. | мерката не продолжува во 2026 година |
| **Мерка:** Поврзување на ОСОСК со INTERPOL I 24/7 мрежата<br>**активност:** анализа на потребата на ОСОСК за пристап до INTERPOL I 24/7 мрежата како и анализа за неопходната техничка опрема | **показател:**<br>**-** зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>- модернизирана информатичка технологија и пристап на податоци до електронскит бази на национално ниво<br>**појдовна основа:**<br>-неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>**планиран резултат:**<br>- пристап до сите бази на податоци<br>-подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија. | Изработена е анализа на потребите и техничките предуслови за доделување пристап на корисници од ОСОСК до системот на ИНТЕРПОЛ I-24/7. | мерката продолжува со реализација во 2026 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка:** Унапредување на полициското работење водено од разузнавање - ILP<br>**активност:**<br>-евалуација на постоечкиот модел на ILP<br>-промовирање на проектот<br>-обуки и развој<br>-креирање база на податоци за собирање и обработка на податоци | **показател:**<br>-зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови истраги<br>- модернизирана информатичка технологија и пристап на податоци до електронскит бази на национално ниво<br>**појдовна основа:**<br>неопходен пристап до бази на податоци на национално и меѓународно ниво за спроведување на истраги<br>-развивање на механизми за размена на информации<br>**планиран резултат:**<br>пристап до сите бази на податоци<br>-подобрена интерагенциската и меѓународната соработка<br>-унапредена информатичка технологија. | Изработен е Акциски план и спроведена е обука за прибирање оперативни информации на полициски службеници во сите СВР и РЦ за ГР. Одржани се месечни работни состаноци за креирање и доработка на база на податоци „Интел Дата". Во СВР Велес и Струмица започна пилот-проект за електронска евиденција на полициски информации (ЕПИРЦ), со пристап за обучени службеници, додека се води и хартиена евиденција. Формирана е работна група за ревидирање на Правилникот за информатори. Во организација на ОБСЕ, одржана е работилница за ревидирање на СОП со учество на повеќе институции, каде беа предложени активности за консолидирање на упатства и СОП за полициско работење со заедницата. Мисијата на ОБСЕ донираше ИТ опрема за единиците за криминалистичко разузнавање и анализа. | мерката продолжува со реализација во 2026 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма** Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | | **Цел на потпрограма**<br>Модернизација на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | **Одговорен-** ОУП, ООЗР |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Јакнење на капацитетите на СВР-та и ПС од општа и посебна надлежност<br>**активност:** Изградба и реконструкција на ПС. | **показател:** изградба на нови објекти и реконструкција на веќе постојните полициски капацитети<br>**појдовна основа:** потреба од реновирање на објекти на ПС од ОН<br>**планиран резултат:** реновирани објекти на ПС од ОН | Во новиот објект на ПС ОН Аеродром, се работи на надворешна изолација и фасада, а истовремено и на внатрешни активности во објектот. | мерката во 2026 година продолжува во рамки на проектот „Објекти во фаза на градба, адаптирање и реконструкција“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **мерка:**Постигнување на стандардите утврдени со Правилникот за просториите за задржување на лица во ПС<br>**активност:** Реконструкција на простории за задржување во ПС | **показател:** изградба на нови објекти и реконструкција на веќе постојните полициски капацитети<br>**појдовна основа:** потреба од реновирање на објекти на ПС од ОН<br>**планиран резултат:** реновирани објекти на ПС од ОН | Во новиот објект на ПС ОН Аеродром, се работи на надворешна изолација и фасада, а истовремено и на внатрешни активности во објектот. | мерката во 2026 година продолжува во рамки на проектот „Објекти во фаза на градба, адаптирање и реконструкција“ |
| **мерка:** Јакнење на капацитетите на ПСОН<br>**активност:**<br>-набавка на интервентни возила<br>- набавка на патнички моторни возила за извршување на службени задачи | **показател:** модернизирани средства за контрола на возила и возачи и увид при сообраќајни незгоди обновен возен парк за потребите на ПС ОН/ПО<br>**појдовна основа:** модернизација на капацитетите со современа опрема во делот на сообраќајот<br>**планиран резултат**<br>-зголемена превенција ибезбедност на учесниците во сообраќајот<br>- намалување на бројот на сообраќајни незгоди и жртви<br>-обучени полициски службеници за вршење увиди при сообраќајни незгоди | Доставена е техничка спецификација за набавака на ПМВ, интервентни возила, уреди и опремата со која треба да располагаат истите. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Зајакнување на капацитетите за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата<br>**активност:**<br>-зајакнување на материјално-техничките капацитети на службите за контрола и регулирање на сообраќајот<br>- набавка на моторни возила во полициска и цивилна изведба со<br>опрема за контрола и регулирање на сообраќајот- | **показател**: модернизирани средства за контрола на возила и возачи и увид при сообраќајни незгоди обновен возен парк за потребите на ПС ОН/ПО<br>**појдовна основа:** модернизација на капацитетите со современа опрема во делот на сообраќајот<br>планиран резултат | Доставена е техничка спецификација за набавка на батериски ламби, стримови и резервни делови за батериски ламби. Покрај тоа, извршена е распределба на 23 мотоцикли по надлежни организациски единици, набавени од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пресретнувачи<br>- набавка на уреди за детектирање на опојни droги и психотропни<br>супстанции во организмот на возачите<br>-набавка на уреди за мерење на брзината на движењето на возилата-радари, уреди за мерење на присуство на алкохол во организмот на возачите, мобилен систем за снимање со камери, информатичка опрема за вршење на увид на лице место на сообраќајна незгода – лаптоп трансформери | -зголемена превенција ибезбедност на учесниците во сообраќајот<br>- намалување на бројот на сообраќајни незгоди и жртви<br>-обучени полициски службеници за вршење увиди при сообраќајни незгоди | | |
| ***Проекти од програмата за работа на Владата 2024-2028*** | | | |
| **Мерка:** проект Набавка на нова редизајнирана униформа на полицијата<br>**активност:** модернизација на униформата на полицијата | **показател:** модернизирани средства за контрола на возила и возачи и увид при сообраќајни незгоди обновен возен парк за потребите на ПС ОН/ПО<br>**појдовна основа:** модернизација на капацитетите со современа опрема во делот на сообраќајот<br>**планиран резултат**<br>-зголемена превенција ибезбедност на учесниците во сообраќајот<br>- намалување на бројот на сообраќајни незгоди и жртви<br>-обучени полициски службеници за вршење увиди при сообраќајни незгоди | На 09.04.2025 година склучени се рамковни спогодби за набавка на униформа за специјалните полициски служби по спроведена отворена постапка и тоа за дел 1-еднобојна униформа, со *Памитекс Тим ДООЕЛ-Скопје*, а за дел 2-униформа во шара, со Ле Бранд Дизајн ДООЕЛ увоз-извоз Битола. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **Мерка:** Проект Набавка на возила и набавка на опрема на возила<br>**активност:** Подобрување на ефикасноста на функционирањето на министерството | **показател:** модернизирани средства за контрола на возила и возачи и увид при сообраќајни незгоди обновен возен парк за потребите на ПС ОН/ПО | Набавени се 120 возила за потребите на полицијата | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **појдовна основа:** модернизација на капацитетите со современа опрема во делот на сообраќајот<br>**планиран резултат**<br>-зголемена превенција ибезбедност на учесниците во сообраќајот<br>- намалување на бројот на сообраќајни незгоди и жртви<br>-обучени полициски службеници за вршење увиди при сообраќајни незгоди | | |
| **Мерка: Проект Изградба на нови објекти** (ЕВР Чаир, Кисела Вода, ПО Сарај, катна гаража во седиштето на МВР, отворено стрелиште за гаѓање и зграда за континуирани обуки во Центар за обука)<br>**активност:** Модернизација на капацитетите за подобрување на условите | **показател:** изградба на нови објекти и реконструкција на веќе постојните полициски капацитети<br>**појдовна основа:** потреба од реновирање на објекти на ПС од ОН<br>**планиран резултат:** реновирани објекти на ПС од ОН | Во тек е изработка на планска документација за изградба на нов објект во населба Кисела Вода – Скопје, финализирање на проектната документација за објект Катна гаража на МВР, како и преземање активности за уредување на имотно-правната документација за објектот „11-ти Октомври“ и за дел од објектот „Бутел“, кој се користи за потребите на Министерството за социјална политика, демографија и млади. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:**Проект Реконструкција на објекти (РЦ за ГР Исток, ОВР Дебар и Гостивар, Вила Охрид и Вила Банско-Струмица, Одморалишта Охрид, Крани и Поникваа)<br>**активност:** модернизација на капацитетите за подобрување на условите | **показател:** изградба на нови објекти и реконструкција на веќе постојните полициски капацитети<br>**појдовна основа:** потреба од реновирање на објекти на ПС од ОН<br>**планиран резултат:** реновирани објекти на ПС од ОН | Реконструирани се одморалиштата на МВР во Охрид и Крани, а во рамки на објектот Пониква – Кочани се изградени нови спортски терени (донација од Агенцијата за млади и спорт). | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Проект Објекти во фаза на градба, адаптирање и реконструкција<br>**активност:**Подобрување на условите за работа | **показател:** изградба на нови објекти и реконструкција на веќе постојните полициски капацитети<br>**појдовна основа:** потреба од реновирање на објекти на ПС од ОН | *Објекти во фаза на градба, адаптирање и реконструкција*[1]*,* во насока на *подобрување на условите за работа*, покрај изградбата на новиот објект на ПС Аеродром, продолжува реконструкцијата и адаптацијата на објектот МРТВ приземје, кој го користи МВР. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

[1] За капиталните инвестиции во Центарот за обука е информирано во делот на *унапредување на системот за обука на вработените во МВР* од осврртот

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **планиран резултат:**<br>реновирани објекти на ПС од ОН | | |

| **Потпрограма:** Јакнење на капацитетите во делот на криминалистичка техника | | **Цел на потпрограма**<br>Модернизација и стандардизација на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичко-технички испитувања и вештачења | **Одговорен-** ОФИ |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Акредитација на форензичките лаборатории<br>**активност:**<br>-одржување и унапредување на системот на квалитет<br>-учество во надворешно тестирање | **показател:**<br>-модерно опремени форензички капацитети согласно меѓународните стандарди и обучен стручен кадар<br>-примена на софистицирани методи во областа на криминалистичко-технички увиди, испитувања и вештачења<br>**појдовна основа:** модернизација и зајакнување на капацитетите на Одделот за форензички испитувања преку практична примена на современи и ЕУ регулативи<br>**планиран резултат:** современ и модерен Оддел за форензички испитувања со стручен кадар согласно европските стандарди | *за Акредитација на форензичките лаборатории,* извршена е техничка измена на интерните документи од системот за квалитет во акредитираните лаборатории, а во некои лаборатории направена е и комплетна ревизија на содржината во интерните документи, обврска произлезена по промената на името и логото, како и систематизацијата на Одделот за форензички испитувања. Во тек е континуирано одржување на системот за квалитет, со изработка на нови работни упатства во Одделението за регистрација и ДНК идентификација на лица, изменување на работни упатства во општата рамка на системот, како и подготовка на нови технички процедури и работни Упатства во Одделението за детекција на хумани идентификациони траги. Во тек е тестирање од областа на алкохолометрија, со учество во втора рунда на тестирањето за етил алкохол и четири теста за дроги од UNODC – Виена. Учествувано е и во ENFSI тест за оспособеност и ACE collaborative exercise 2025, а лабораториите за ДНК успешно реализираа GEDNAP 70 и 71 тестови, вклучувајќи и Y-хромозом анализи. Истовремено, реализирани се меѓулабораториски и колаборативни вежби со Форензичкиот центар Подгорица, Форензички научен центар „Иван Вучетиќ“–Р.Хрватска, како и надворешно тестирање за механоскопија. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **мерка:**Имплементација на Договорот за мини Прум во рамките на<br>КПС ЈИЕ<br>**активност:** воспоставување размена на ДНК и на дактилоскопски податоци. | **показател:**<br>-модерно опремени форензички капацитети согласно меѓународните стандарди и обучен стручен кадар<br>-примена на софистицирани методи во областа на криминалистичко-технички увиди, испитувања и вештачења<br>**појдовна основа:** модернизација и зајакнување на капацитетите на Одделот за форензички испитувања преку практична примена на современи и ЕУ регулативи<br>**планиран резултат:** современ и модерен Оддел за форензички испитувања со стручен кадар согласно европските стандарди | за *имплементација на Договорот за мини Прум во рамките на КПС ЈИЕ,* инсталираниот CODIS софтвер е во функција и се планира негово активно користење со внес на ДНК профили. Во тек е подготовка за миграција на ДНК профилите од постоечкиот систем eQMS::DNA во CODIS, а новиот AFIS систем е технички подготвен за меѓународна размена на дактилоскопски податоци. Претставници од Одделот активно учествуваа на состаноци на тематските работни групи за практична и техничка имплементација на Договорот Прум и мини Прум | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Доопремување<br>на новиот објект на Оддел<br>форензички испитувања<br>**Активност:** инсталација на видео надзор и на систем за контролиран пристап<br>**Активност:** создавање предуслови за трансфер на преостанатите лаборатории. | **показател:**<br>-модерно опремени форензички капацитети согласно меѓународните стандарди и обучен стручен кадар<br>-примена на софистицирани методи во областа на криминалистичко-технички увиди, испитувања и вештачења<br>**појдовна основа:** модернизација и зајакнување на капацитетите на Одделот за форензички испитувања преку практична примена на современи и ЕУ регулативи<br>**планиран резултат:** современ и модерен Оддел за форензички испитувања со стручен кадар согласно европските стандарди | -во насока на *доопремување на новиот објект на Оддел за форензички испитувања,* одржан е работен состанок со претставници од UNDP како носители на проектот „Зајакнување на капацитетите на системот за форензика и истрага на местото на настанот за подобрување на кривично-правната контрола на мало и лесно оружје“;<br>-за *создавање предуслови за трансфер на преостанатите лаборатории,* компаративните микроскопи во Одделението за балистика, пожари и експлозии се дислоцирани во новата зграда на ОФИ, со што се создадени услови за компаративните анализа на чаурите и проектилите да се изведуваат во новиот објект. Исто така и Одделението за токсикологија и дроги е дислоцирано со канцеларии во новиот објект, но лабораториите за токсикологија и дроги и микро-траги, како и ДНК лабораториите сеуште се во стариот објект и ќе бидат се додека не се овозможат сите предуслови за нивен трансфер. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **Мерка:** Стратегија за натамошен развој на капацитети на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025<br>**Активност:**<br>**-**материјално-техничко | **показател:**<br>**-**модерно опремени форензички капацитети согласно меѓународните стандарди<br>- современо опремени форензички капацитети на локално ниво<br>**појдовна основа:** модернизација и зајакнување на капацитетите на Одделот | во рамки на *Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025 година,* распределена е донирана компјутерска опрема по регионалните Отсеци за криминалистичко-технички увиди и прелиминарни анализи. Опремувањето на лабораториите на локално ниво е целосно реализирано. Во делот на обуките, изработен е | мерката не продолжува во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| опремување<br>-изведба на простории за обука<br>-спроведување обука | за форензички испитувања преку практична примена на современи и ЕУ регулативи<br>**планиран резултат:** современ и модерен Оддел за форензички испитувања со стручен кадар согласно европските стандарди | проект за реконструкција, адаптација и пренамена на простории во Центарот за обука – Идризово, подготвен е елаборат и генерални инструкции за користење на затвореното стрелиште, а од страна на Одделот се изготвени и презентирани предлог наставни програми за основна и континуирана обука на криминалистичко - техничките работници и униформираните полициски службеници, со цел нивна имплементација во координација со Центарот за обука и ОБСЕ за унапредување на националните форензички капацитети. | |

| **Потпрограма:** Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција | | **Цел на потпрограма**<br>Зајакнување на оперативните капацитети, на граничната полиција согласно стандардите на ЕУ | **Одговорен-** ОГРМ |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Унапредување на прекуграничната полициска соработка<br>**активност:** Соработка и координација со ЕУ агенции и проширување на полициската соработка преку ЗКЦ<br>**активност:** Надградба на ПС за ГП Маркова Нога | **показател:**<br>- учество во меѓународни операции и зголемен меѓународен углед<br>- зголемени активности на граничната полиција при илегални преминувања<br>- криумчарење мигранти и трговија со луѓе<br>-софистицирана опрма за гранични проверки и надзор<br>**појдовна основа:**<br>продолжување на соработката за граничното работење со Frontex и Europol и со граничните служби со соседните земји и на земјите од регионот<br>**планиран резултат:**<br>- зајакната меѓународна соработка<br>-усогласеност на капацитетите на гранична полиција со ЕУ стандарди<br>-подобрени капацитети на Заедничките контакт центри<br>- модерни објекти по европски стандарди | -за *унапредување на прекуграничната полициска соработка*, *со Frontex – EBCGA* соработката се одвива континуирано согласно договорот помеѓу РСМакедонија и ЕУ за оперативни активности на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража, во делот на анализа на ризик, размена на информации и податоци, ситуациска свесност, враќање, развој, истражување и обука, како и преку заеднички оперативни активности. Во рамки на заедничката операција JO Coordination Points 24-Air, континуирано се распоредува персонал на Frontex и странски униформирани полициски службеници на Меѓународниот аеродром – Скопје. Во рамки на JO North Macedonia 2023, персонал на Frontex и странски полициски службеници континуирано се распоредуваат на Контакт точката Табановце, а операцијата се одвива и на јужната граница, вклучувајќи ги ПС за ГП Богородица, Стар Дојран и Меџитлија. Учествувано е на годишни оперативно-координативни состаноци, работни групи, конференции, обуки и курсеви во Финска, Полска, Австрија, Холандија, В.Британија, Албанија, БиХ, Црна | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Гора, Словенија и Србија. Исто така, учествувано е во ИПА проект „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“, конференција за трговија со луѓе во Полска, како и разменски програми на персонал: Staff Exchange land 2025 во Капетан Андрево и Staff Exchange air 2025 во Данска. Редовно се разменуваат информации со *EUROPOL* за состојбата со илегалната миграција, а граничната полиција активно учествува во меѓународни активности и оперативни акции, како и во бројни активности поврзани со граничен менаџмент, борба против трговија со луѓе и заштита на човековите права, организирани од Европската комисија, европски агенции и проекти. *Прекуграничната полициска соработка* со соседните земји се реализира преку 664 мешани патроли, 526 работни средби и размена на 1130 информации во рамки на *Заедничките контакт центри.* Заедничките контакт центри со Р.Албанија, Р.Србија, Р.Бугарија и Косово функционираат редовно, додека со Р.Грција сè уште не е воспоставен контакт центар;<br>- во тек се градежните активности за повторно ставање во функција на *ГП Маркова Нога,* а започнати од март 2025 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **потпрограма** Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби | | **Цел на потпрограма**<br>Модернизација на капацитетите на БЈБ во делот на специјализираните полициски служби | **Одговорен-**ОЗОЛО, ОСПО, ОВЕ, АПБ,ЕСК |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Зајакнување на капацитетите на Одделот за обезбедување и заштита на одредени личности и објекти<br>**активност:**<br>-учество во едукативни активности за стручно усовршување | **показатели:**<br>- стручно усовршување на припадниците од специјализираните полициски служби<br>- модернизирани материјално-технички средства и опрема за работа на терен<br>- зголемана ефикасност во работењето и успешно реализирани полициски операции | *-за зајакнување на капацитетите на Одделот за обезбедување и заштита на одредени личности и објекти,* реализирана е испораката на *возила за потребите на Одделот.* Во наведениот период, вработени од Одделот учествуваа на повеќе едукативни активности и тоа на две работилници во рамки на ИПА проект ,,Зајакнување на заштитата на | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -набавка на оперативни цивилни и полициски обележани возила | **појдовна основа:**<br>**-** обнова на возниот парк<br>- техничка опременост на просториите и објектите на специјалните полициски служби<br>**планиран резултат:**<br>-обновен возен парк со современи средства, опрема и возила за специјална намена<br>-применети позитивни искуства од ЕУ<br>- обучен кадар за конкретни намени | јавните простори и критичната инфраструктура", одржани во Сплит, Хрватска; на обука за тактичка прва помош, против диверзии, работа со рендген и метал детектор апарати, како и препознавање и откривање експлозивни средства, организирана од Амбасадата на САД во земјава, во Центарот за обука во с.Идризово; на обука за заштита на ВИП личности и витални инсталации во Каиро, Египет, во организација на Амбасадата на САД. Покрај ова, спроведена е основна и напредна обука за животоспасител, во Воено-медицинскиот центар на АРМ, а во континуитет се спроведува обука по англиски јазик во Касарна „Илинден", Скопје. | |
| **Мерка:** Зајакнување на капацитетите на Одделот за специјални полициски операции<br>**активност:**<br>- набавка на возила за специјални и посебни намени со конкретна спецификација<br>- реновирање на објекти за ОЕ во состав на ОСПО;<br>-набавка на ново современо вооружување | **показатели:**<br>- стручно усовршување на припадниците од специјализираните полициски служби<br>- модернизирани материјално-технички средства и опрема за работа на терен<br>- зголемана ефикасност во работењето и успешно реализирани полициски операции<br>**појдовна основа:**<br>**-** обнова на возниот парк<br>- техничка опременост на просториите и објектите на специјалните полициски служби<br>**планиран резултат:**<br>-обновен возен парк со современи средства, опрема и возила за специјална намена<br>-применети позитивни искуства од ЕУ<br>- обучен кадар за конкретни намени | -за *зајакнување на капацитетите на Одделот за специјални полициски операции*, во полицискиот центар „Ѓорче Петров" реконструиран е кровот на работилницата и на гаражата на паркинг просторот за Единицата за брзо распоредување. Исто така, реновирани се санитарните јазли, направено е преградување на веќе постоечки канцеларии, како и реновирање на делови во објектот на Единицата за интервентна полиција. Покрај ова, набавена е комплет санитарија, системи за инсталација и градежно-молерски материјали, потребни за реконструкција на објектите во полицискиот центар „Ѓорче Петров". Во САЕ-Тигар е реновирана механичарската работилница. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Зајакнување на капацитетите на Аеродромска полициска база.<br>**активност:** *решавање на имотно-правниот статус на Аеродромска полициска база*<br>- донесување на Решение за услови<br>за планирање на просторот во АПБ<br>и Урбанистички план за АПБ.<br>-преземање активности за | **показател:**<br>-обнова на материјално-технички капацитети и зголемена ефективност и ефикасност во реализација на специјализирани полициски операции<br>**појдовна основа:** техничка опременост на просториите и објектите на специјалните полициски служби<br>**планиран резултат:**<br>- применети позитивни искуства од ЕУ. | *зајакнувањето на капацитетите на Аеродромската полициска база* се одвива преку решавање на имотно-правниот статус, при што Министерството за транспорт и врски донесе Решение за подобрување на Планската програма за изработка на Урбанистички план за Аеродромската полициска база, изработен од Агенцијата за просторно планирање. | мерката не продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| комплетно решавање на имотно - правниот статус на базата, како и за разграничување на недвижности во базата кои припаѓаат на Агенцијата за национална безбедност | | | |

## 2.2 Стратешка програма *Унапредување на заедничките функции на МВР*

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата** | Програмата **Унапредување на заедничките функции на МВР** е поврзана **со приоритети на Владата** Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото, Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност и Интеграција во Република Северна Македонија во Европската Унија<br>**приоритетни цели** Модернизација на безбедносниот сектор, јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите, Јакнење на сајбер безбедноста и отпорноста на институциите, Унапредување на концептот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство спрема жените и девојчињата и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите, Донесување и имплементација на Национална стратегија за безбедност и стратегија за одбрана како највисоки плански документи, Поддршка на меѓународните напори за чување на мирот и безбедноста, Квалитетно управување со координативните структури, на планирањето, развивањето, спроведувањето и известување за Националната програма за усвојување на првото на Европската Унија (НПАА), Квалитетна подготовка, планирањето, спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците и Натамошно унапредување на добрососедските односи и активно учество во регионалните иницијативи со цел постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка. |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на МВР** | поврзаност со **приоритети на МВР** Модернизација на Министерството за внатрешни работи, јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европска унија, Соработка и воспоставување на заеднички стандарди за развој на сајбер безбедност, Поддршка на меѓународните напори за чување на мирот и Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово бизарно насилство, вклучувајќи го семејното насилство.<br>**приоритетни цели:**<br>- имплементација на Стратешката определба за управување со човечки ресурси 2023-2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - имплементација на Стратешката определба за развој на Центарот за обука 2023-2025 година<br>- воведување на средно полициско образование во Центарот за обука – двегодишно образование III и IV година<br>- изградба нов објект за спроведување на континуирани обуки, реконструкција и доградба на стрелиште од отворен тип, ново стрелиште од затворен тип и нови спортски објекти за симулација и вежби во Центарот за обука<br>- спроведување тест за проверка за професионалниот интегритет за вработените во МВР<br>- преземање и примена на најдобрите ЕУ практики и стандарди<br>- афирмација на министерството на меѓународен план преку спроведување на билатералните и мултилатералните договори и соработка со меѓународни организации и регионални инцијативи<br>- успешно искористување на инструментот за претпристапна помош-ИПА преку учество на МВР во реализација на национални и регионални проекти<br>- подготовка на МВР во континуирано зајакнување на капацитетите во насока на Реформската агенда за имплементација на европските стандарди<br>- справување со сајбер заканите со примена на нови технологии и мерки<br>- имплементација на активностите за подготовка на идните НАТО цели<br>- имплементација на родовата еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности на жени и мажи во рамки на министерството. | |
| **потпрограма:** Воведување систем за управување со документи (DMS) | | **Цел на потпрограма**<br>Целосно електронско работење и проток и решавање на предмети по електронски пат | **Одговорен-** МВР, БЈБ |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Мерка:**<br>Проект *Документ менаџмент систем* (опфатен со Програмата за работа на Владата 2024-2028 година)<br>**активност:**<br>одржување на дигитален полициски менаџмент систем<br>**активност:**<br>приклучување на нови ОЕ при МВР во делот на | **показател:**<br>- вклучување на сите организациски единици на министерството во електронското дистрибуирање на документи преку Документ менаџмент системот<br>**појдовна основа:**<br>-поедноставување на работниот процес преку документ менаџмент систем<br>-постепено заменување на пишаната со електронската форма на работа<br>**планиран резултат:**<br>-електронска архива на сите СВР-а;<br>-вмрежување на веќе постоечките | - проектот *Документ менаџмент систем* (опфатен во Програмата за работа на Владата 2024-2028 година под назив *Системска дигитализација на процесите во Министерството за внатрешни работи),* во 2025 година е реализиран, следува негова имплментација, со што **потпрограмата е реализирана**. | потпрограмата е реализирана и не продолжува во 2026 година. Имплементацијата на проектот ќе се следи во ќе се следи во рамки на потпрограмата „Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР“. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| електронска дистрибуција на документи преку работни процеси<br>**активност:** воспоставување електронски архиви во сите СВР и РЦ за ГР и одржување обуки за користење на истите<br>**активност:** приклучување на сите СВР во процесот на дигитализација на работењето преку електронски документи и процеси<br>**активност:** Дигитализација на работните процеси во Сектор за управно надзорни работи преку воведување на електронски форми<br>**активност:** Дигитализација на работните процес во Оддел за граѓански работи преку воведување на електронски форми<br>**активност:** Одржување на постоен систем за управување и водење на криминални истраги во ОСОСК<br>**активност:** Втора фаза на дигитализација во ОСОСК преку воведување електронски форми<br>**активност:** Дигитализација на работните процеси во Сектор за меѓународна полициска соработка преку воведување на електронски форми<br>**активност:** Изработка на портал за едноставно управување со информации и процеси преку ДМС | процеси, односно ДМС и БЛУПРИНТ итн, со цел поврзано и поедноставено функционирање при размена на информации<br>-електронска размена и поднесување на предмети и со други институции | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| системот прилагоден на потребите на МВР-БЈБ | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Потпрограма** Управување со човечки ресурси | **Цел на потпрограма**<br>Зголемена професионалност на вработените со примена на Мерит системот | **Одговорен -** ОПРУЧР |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| **Мерка:** Воспоставување на Мерит систем за кариерно унапредување<br>**активност:**<br>Донесување нов Законот за внатрешни работи од кој ќе произлезат подзаконски прописи, меѓу кои и подзаконскиот пропис за начинот на остварување на системот на кариера на работниците во министерството | **показател:**<br>-развивање на професионален систем за унапредување на вработените во министерството<br>**појдовна основа:** донесување нов Закон за внатрешни работи и подзаконски акти<br>**планиран резултат:**<br>воспоставување нов начин на регулирање на кариерниот развој на работниците, системот за селекција, унапредување и можности за развој на кариерата на работниците во министерството | со донесување на новиот Закон за внатрешни работи **потпрограмата е реализирана.** | Потпрограмата е реализирана и не продолжува во 2026 година |

| | | |
|---|---|---|
| **Потпрограма** Унапредување на системот за обука на вработените во МВР | **Цел на потпрограма**<br>Зајакнати капацитети на Центарот за обука, надградување на системот за обука и развој на вработените во МВР | **Одговорен -** Центар за обука |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| **Мерка:** Реновирање на Центарот за обука<br>**активност:**<br>-реновирање на сместувачките капацитети во ЦО според планот за | **показател:**<br>подобрени и унапредени капацитети и услуги на Центарот за обука.<br>**појдовна основа:**<br>развивање систем за обуки за потребите на вработените на МВР и други државни органи и | завршено е реновирањето на спортските сали и павилјоните 3 и 4, објектот „Школо“ и Управната зграда во центарот. | мерката во 2026 година продолжува со реализација во рамки на проектот „Изградба на нови објекти“ во стратешката потпрограма „Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| капитални инвестиции | институции со кои МВР има склучено меморандум за соработка.<br>**планиран резултат:**<br>-реновирани сместувачки капацитети во Центарот за обука и реновирани спортски сали, според планот за капитални инвестиции;<br>-поврзување на ЦО и ИТ системи и сфтвери на МВР | | унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата". |
| ***Активности од Стратешка определба на МВР за унапредување на областа со Центарот за обука*** | | | |
| **Мерка:** Поттикнување на развојот на дигитален систем за обука со високи перформанси<br>**активност:** обновена и проширена ИТ инфраструктурата во ЦО и останатите просториите за обука од ОЕ за УЧР на БЈБ, МВР, СВР и РЦ за ГР, со воведена компјутеризација и мултимедијален простор | **показател:**<br>- развиен систем на основни и континуирани обуки<br>**појдовна основа:**<br>- развивање систем за обуки за потребите на вработените на МВР и други државни органи и институции со кои МВР има склучено меморандум за соработка.<br>**планиран резултат:**<br>-изработен Каталог за обуки и Методологија за утврдување приоритетни обуки<br>- развивање на програми за обуки во системот на кариера | целосно е пуштен во функција Мултимедијалниот центар, наставничките простории во Центарот се поврзани со интернет мрежата на МВР, каде воедно се поставени и IP телефони. | Со оглед дека стратешката определба е до 2025 година, мерката не продолжува во 2026 година |
| **Мерка:** Обуки за спроведување на ревидираниот систем на вреднување на изведбата<br>**активност:** изработка на динамичен план за спроведување на обуката | **показател:**<br>- развиен систем на основни и континуирани обуки<br>**појдовна основа:**<br>- развивање систем за обуки за потребите на вработените на МВР и други државни органи и институции со кои МВР има склучено меморандум за соработка.<br>**планиран резултат:**<br>-изработен Каталог за обуки и Методологија за утврдување приоритетни обуки<br>- развивање на програми за обуки во системот на кариера | спроведени се обуки од обучени обучувачи за вработени во МВР кои ќе бидат распоредени на работни места со статус полициски службеници | Со оглед дека стратешката определба е до 2025 година, мерката не продолжува во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Мерка:** Вклучување на обуките во системот на кариера<br>**активност:**<br>-усвоен Каталог за обуки за системот на кариера со задолжителни и незадолжителни обуки кои ќе биде во согласност со општите и посебните компетенции за секое работно место<br>-усвоена наставна програма за илустрација и практикување на Мерит системот<br>- усвоен план и програма за спроведување на обука за анализа и планирање на човечки ресурси според Мерит системот<br>- обучени учесници за процесот на анализа и планирање на човечки ресурси<br>- усвоен концепт за спроведување на испитот за кариера во вкупниот Мерит систем<br>-усвоена програма за спроведување на испитот за кариера<br>- обезбедена софтверска Програма за спроведување на испитот за кариера | **показател:**<br>- развиен систем на основни и континуирани обуки<br>**појдовна основа:**<br>- развивање систем за обуки за потребите на вработените на МВР и други државни органи и институции со кои МВР има склучено меморандум за соработка.<br>**планиран резултат:**<br>-изработен Каталог за обуки и Методологија за утврдување приоритетни обуки<br>- развивање на програми за обуки во системот на кариера | изработена е наставна програма за раководење, наменета за вработени кои ќе бидат распоредени на раководни работни места. | Со оглед дека стратешката определба е до 2025 година, мерката не продолжува во 2026 година |

<table>
<tr><td colspan="2">Потпрограма Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР</td><td>Цел на потпрограма<br>Осовременување на телекомуникациски и информатички системи во МВР</td><td>Одговорен - ОИТ</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>мерка ИПА проект Воспоставување ИКТ центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа.<br>активност: следење и операционализација на работата на системите.</td><td>показател:<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>појдовна основа: -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>планиран резултат:<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР</td><td>во ИПА проектот Воспоставување на ИКТ центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа редовно се следи работата на системите и подобрување на функционалностите.</td><td>проектот продолжува со реализација во 2026 година</td></tr>
<tr><td>мерка:<br>Проект Подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР<br>активност: набавување на периферна компјутерска опрема<br>активност: следење на работата на инсталираната опрема<br>активност: ревизија на лиценци за системски и развоен софтвер<br>активност: склучување договори за ревидирани лиценци<br>активност: инсталација на нови лиценци</td><td>показател:<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>појдовна основа: -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>планиран резултат:<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР</td><td>- во рамки на проектот Подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР, се изработуваат технички спецификации за набавка на нова периферна компјутерска опрема, надградба на персоналните компјутери (зголемување на РАМ меморијата и замена со брзи CCD дискови) за подобрување на функционалноста, како и надградба на оперативните системи со понова верзија која има поддршка од производителите. Редовно се следи работата на инсталираната опрема и се одржува системскиот софтвер и хардверската платформа во Дата центрите во Скопје и Прилеп. Воедно, се врши надградба на оперативните системи со понова верзија која има поддршка од производителите, како и надградба на персоналните компјутери (зголемување на РАМ меморијата и замена со брзи ССД дискови) за подобрување на функционалност, а се врши изработка на технички спецификации за набавка на нова компјутерска опрема. За ревизија на лиценци за системски и развиен софтвер, се изработени технички спецификации за набавка на лиценци и продолжување на поддршката.</td><td>проектот не продолжува со реализација во 2026 година</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **мерка:** Проект Зголемување на мрежната безбедност од сајбер напади<br>**активност:** набавка на безбедносна опрема со потребни лиценци за три години<br>**активност:** Подготовка на техничко решение, инсталација на опремата и потребните лиценци<br>**активност:** Следење на работата на инсталираната опрема и одржување | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР<br>- зголемување на мрежната безбедност од сајбер напади | набавена е безбедносната опрема со потребни лиценци за три години, завршен е процесот на инсталирање на опремата (софтвер), секојдневно се врши мапирање на уреди и решавање на сајбер инциденти. Системот е во фунцкија и се развива инфраструктурата и алатките за сајбер безбедност; | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Проект Воспоставување на систем за пренос на класифицирани податоци<br>**активност:** набавка на нов систем за пренос на класифицирани податоци | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР<br>- зголемување на мрежната безбедност од сајбер напади | по спроведена постапка за јавна набавка на нов систем, опремата е доставена во МВР, завршени се планираните обуки за лицата кои ќе управуват со системот, а набавената опрема (хардвер и софтвер) активно се имплементира во сите СВР-а. Се прават почетни поставувања и конфигурирања на безбедносната мрежа | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Проект Воспоставување на дигитален мобилен систем на 4G/5G широкопојасни технологии<br>**активност:** подготовка на техничко решение, инсталација на опремата и вмрежување | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:**<br>- обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади | за имплементација на мобилен систем за пренос на видео и проверка на лица и возила, одржани се состаноци со мобилни оператори и АЕК, а разгледани се неколку технички предлог решенија за инсталација на опрема и вмрежување | проектот продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР | | |
| **мерка:** Проект Воспоставување на систем за повикување<br>**активност:** имплементација на систем за повикување во простории за задржување на лица во сите полициски станици | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:**<br>- обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР | изработена е техничка спецификација, а во тек е постапка за јавна набавка | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Проект Подобрување на мобилниот систем за снимање камери<br>**активност:** набавка на мобилни камери за тело и соодветни додатоци за замена и одржување на мобилните камери | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР | по спроведена постапката за јавна набавка набавената опрема е испорачана и истата се доставува до организациските единици во МВР | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:**Проект Оптимизирање на Центарот за опоравување од катастрофи за сите државни институции и други субјекти<br>**активност:**<br>оптимизација и зголемување на енергетските капацитети и просторот за сместување на опрема (racks) | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>-недоволен број на развиени дигитални услуги кон институции и кон граѓаните | континуирано се остваруваат контакти со надворешни заинтересирани државни институции со увид на просторните услови на лице место | проектот продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР<br>- зголемување на дигиталните услуги кон институциите и граѓаните | | |
| **мерка:**Проект Подобрување на техничката безбедност на полициските станици<br>**активност:** имплементација на системи за видеонадзор, контрола на пристап и резервно напојување во повеќе полициски станици | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>-недоволен број на развиени дигитални услуги кон институции и кон граѓаните<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР<br>- зголемување на дигиталните услуги кон институциите и граѓаните | изработена е техничка спецификација на системот *за видео надзор, контрола на пристап и резервно напојување во повеќе полициски станици*, во тек е постапка за спроведување јавна набавка | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| ***Проекти од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година*** | | | |
| **мерка:**Проект Безбеден град<br>**активност:** имплементација на системот за Безбеден град и потребните процеси<br>**активност:** Поврзување на системот со ИКТ системот на МВР и изработка на апликација за наплата и обработка на сообраќајни прекршоци преземени од базата на Safe City | **показател:**<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>-недоволен број на развиени дигитални услуги кон институции и кон граѓаните<br>**планиран резултат:**<br>- зголемување на дигиталните услуги кон институциите и граѓаните | направени се финални подготовки за поставување на тестна околина за пуштање во функција на системот за евидентирање и наплаќање на сообраќајни прекршоци и почнување на процес на тестирање кон граѓаните од месец декември, 2025г. Воедно, ставен е во продукциска околина комплетниот систем за регистрирање на сообраќајни прекршоци и се корегираат пројавени неправилности и технички аномалии произлезени од процесот на тестирање спрема граѓаните во реално време од месец декември. | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:**Проект One Stop Shop<br>**активност:** Софтверско решение за поврзување гранични системи за гранични проверки | **показател:**<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:** -<br>-недоволен број на развиени дигитални услуги кон институции и кон граѓаните<br>**планиран резултат:**<br>- зголемување на дигиталните услуги кон | реализирано е поврзување со косовскиот граничен систем на ГП „Блаце“, со софтверско решение за гранични проверки од една точка, кое и официјално е пуштен во функција. Започнато е со поставување и инсталација на потребната мрежна опрема за ГП Табановце, а извршено е целосно телекомуникациско поврзување на овој граничен премин. Покрај тоа, во употреба е ставен системот „One Stop Shop“ гранични проверки од една точка на ГП Јажинце. Направена е надградба на софтверското | проектот продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | институциите и граѓаните | решение за подобро функционирање на „One stop shop“. Сетирана околина со неопходната техничка опрема и софтверски решенија за непречно функционирање на системот. Се преземаат тековни активности за мониторирање на постоечките системи а се очекува завршен договор со Р.Албанија за вопсоставување на ГП Ќафасан-Струга. | |
| **мерка:** Проект Интеграција со системот на INTERPOL<br>**активност:** поврзување со системот на Интерпол со одредени веб апликации на МВР | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:**<br>-обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР | изработено е решение за испраќање на изгубени патни исправи во Interpol. Во тек е изготвување на решение, со кое по пат на web сервиси, при распишување на меѓународна потерница за лица и возила преку апликациите на МВР да се испрати во Интерпол и на стоп листата, како и изработка на бизнис анализа за нова апликација „Case Management“ за потребите на Интерпол. | проектот продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Проект Подобрување на капацитетите на дигиталниот радио комуникациски систем ТЕТРА<br>**активност:** набавка на додатоци за замена и одржување на терминалната радио комуникациска опрема | **показател:**<br>- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата<br>-модернизирање на софтверски решенија и повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР<br>**појдовна основа:**<br>-обновување на компјутерска инфраструктура на МВР<br>- фрагилна мрежна безбедност од сајбер напади<br>**планиран резултат:**<br>- подобрена компјутерска инфраструктура на МВР | изработена е техничка спецификација и во тек е постапката за јавната набавка на радио станици. | проектот продолжува со реализација во 2026 година |

| **Потпрограмата** Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации | | **Цел на потпрограма**<br>Исполнување на обврски кои произлегуваат од членство во НАТО | **Одговорен-** СБИ |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Имплементација и спроведување на активностите кои произлегуваат од членството во НАТО.<br>**активност:**<br>- учество во координативни работни тела, комитети и механизми за преземање активности и носење одлуки<br>- процесот НАТО одбранбено и безбедносно планирање | **показател**:<br>-спроведување активности кои произлегуваат од членството во НАТО<br>**појдовна основа:**<br>-учество во процесот на НАТО одбранбено планирање<br>-учество во работа на координативните тела: работен комитет за координација на НАТО активности; работен комитет за отпорност; работен комитет за Поддршка на земјата домаќин и работен комитет на НАТО системот за одговор на кризи<br>**планиран резултат:**целосна реализација на активностите кои произлегуваат од превземените обврски на национално ниво врз основа на Одлуки на Владата | Во насока на имплементација и спроведување на активностите кои произлегуваат од членството во НАТО, учествувано е:<br>-во работата на координативното тело за спроведување на политиките на НАТО за градење на отпорност и на Работниот комитет на Советот за координација на активностите поврзани со членството во НАТО;<br>-на обука за подготовка на вежба „LOGO 25“; на online работен состанок на тема „Поддршка на земјата домаќин“, во контекст на основите побарувања на НАТО;<br>-на работен состанок со претставници од UNHCR и IOM;<br>-на четири работилници за реализација на проектот за градење на национални капацитети за имплементација на НАТО активности;<br>-на НАТО вежба „CMX-25“ со претставници од сите земји членки на Алијансата и највисоките командни тела и структури, одржана во Министерството за одбрана;<br>-на меѓународна вежба „SEVEN STARS 25“, одржана во Центарот за симулација во Велес и на Армискиот полигон Криволак, со присуство на припадници на вооружените сили во составот на Бригадата за ЈИЕ (SEEBRIG);<br>-учество на работилници организирани од Министерството за одбрана и Амбасадата на САД во Скопје, како и во изработка на Планот за неконтролирано движење на лица;<br>-реализација на две НАТО вежбовни активности од класифициран карактер, во организација на Министерството за одбрана.<br>Континуирано продолжува полициската поддршка на НАТО/КФОР трупите при влез, престој, транзит, стратегиски транспорт и непречно спроведување на вежбовните активности за реализација на НАТО вежбата „Balkan Warrior“, како и поддршка при организација и координација на полициските служби од БЈБ за непречен влез, престој, транзитирање на странски вооружени сили | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | со персонал, вонгабаритни возила, вооружување, муниција, артилериски орудија и останата опрема со цел за спроведување на вежбата „Immediate Response-2025“. Покрај тоа, одржана е online презентација по однос на линијата на отпорност и изработка на План за неконтролирано движење на лица во услови на кризна и сложена безбедносна состојба, согласно 7-те побарувања за отпорност на НАТО, пред претставниците на субјектите на системот за управување со кризи и на Институтот за демократско управување на САД и Амбасадата на САД во Скопје. Како континуитет на претходно одржаните НАТО работилници за градење на отпорност, учествувано е на ваква работилница помеѓу институциите во земјава, во организација на Министерството за одбрана, а предводена од експертскиот тим за отпорност од САД-Институт за демократско управување. | |
| **мерка:** Активности за реализација на Партнерската цел од програмата на НАТО-Стабилизација и реконструкција<br>**активност:**<br>обука и учество на полициски службеници во мировни мисии | **показател**:<br>-спроведување обука и упатување полициски службеници во мировни мисии<br>**појдовна основа:**<br>учество во процесот на НАТО одбранбено планирање<br>**планиран резултат:**целосна реализација на активностите кои произлегуваат од превземените обврски на национално ниво врз основа на Одлуки на Владата | од аспект на обука и учество на полициски службеници во мировни мисии, направен е подготвителен брифинг на две претставнички од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, како и подготвителни брифинзи на претставници од Министерството за одбрана за упатување и работен ангажман во постојаната делегација на РСМакедонија во НАТО-Брисел, Белгија. Учествувано е на координативен состанок во Министерството за одбрана за отпочнување на национална обука со експерти од државните институции кои ќе бидат упатени во Мировни мисии и операции. Учествувано е и на завршен работен состанок и презентација од надлежност на МВР за отпочнување со работа и спроведување на обуки во Националниот тренинг центар (кој е планиран да биде во Министерството за одбрана) за упатување на лица во мировни мисии. | мерката продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:**Безбедност на класифицирани информации<br>**активност:** акредитација на опрема, надградба и унапредување на заштитениот пренос на класифицирани информации за потребите на МВР | **показател**:<br>-акредитација на стандардизирана безбедносна опрема за заштитен пренос на класифицирани информации за потребите на министерството<br>**појдовна основа:**<br>учество во процесот на НАТО одбранбено планирање<br>**планиран резултат:**целосна реализација на активностите кои произлегуваат | Во однос на безбедност на класифицирани информации, спроведен е инспекциски надзор од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во организациската единица за безбедност на информации во МВР, при што констатирано е дека во целост се исполнети условите за безбедност на класифицираните информации. Исто така, отпочнато е со набавка и испорака на безбедносно сензитивна опрема за заштитен пренос на класифицирани информации во електронска форма. Во континуитет се укажува стручна помош на | мерката продолжува со реализација во 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | од превземените обврски на национално ниво врз основа на Одлуки на Владата | организациски единици во МВР за административна, физичка, персонална и индустриска безбедност при постапување со класифицирани информации за потребите на МВР, а спроведена е и обука по криптозаштита од класифициран карактер на припадници на Министерството за одбрана/Генерал Штаб во просториите на касарната „Гоце Делчев“, Скопје. Во координација со надлежните организациски единици на МВР, се спроведуваат активности за имплементација и акредитација на безбедносно сензитивна опрема за заштитен пренос на класифицирани информации во електронска форма во МВР. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **потпрограмата:** Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма | | **Цел на потпрограма**<br>Поголемата ефикасност и доследна законитост во работењето на МВР | **Одговорен-** ОВККИПС |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **мерка:** Проект Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан.<br>**активности:**<br>**-** зајакнување на вештините на работниците од ОВККИПС при спроведувањето на тестот за професионален интегритет<br>- подобрување на системот за управување со човечки ресурси во МВР;<br>**-**подобрување на системот за спроведување на јавните набавки во МВР. | **Показател**:<br>-спроведување тест за интегритет на вработените во МВР<br>-зголемен број обучени лица за управување со човечки ресурси и менаџирање на јавни набавки<br>**појдовна основа:** примена на законските одредби за спроведување на тестот за интегритет<br>**планирани резултати:** подобрен професионален интегритет на вработените во МВР | во јануари 2025 година одржан е состанок помеѓу експерти од CIDS од Осло, Норвешка и помошникот на министерот во Центарот за обука, на кој се разменети искуства во врска со критериумите за регрутирање нови кадри во полицијата. Во месец февруари, 2025 година спроведени се четири обуки за етички дилеми, свест и интегритет во граничната полиција со сите Регионални центри за гранични работи, кон крајот на месец мај, 2025г., спроведена е обука за управување со ризици од корупција во јавни набавки, а во месец септември, 2025 година, одржана е работилница за спроведување на тест за интегритет на кандидатите за вработување во МВР. | мерката не продолжува со реализација во 2026 година |
| **мерка:** Проект Дигитализација на работните процеси во Одделот за внатрешна | **Показател**:<br>-подобрена комуникација на вработените и полесен пристап на следливост на предметите во Одделот | поставен е електронски систем за менаџирање/управување со предмети и доказен материјал во Одделот, а се работи на поставување дигитална платформа за спроведување тест за интегритет во електронска форма. | мерката продолжува со реализација во 2026 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| контрола криминалистички истраги и професионални стандарди<br>**активности:** електронски систем за менаџирање со предмети и документи во ОВККИПС | **појдовна основа:** електронско управување со документите на Одделот<br>**планирани резултати:** поедноставување на работниот процес преку електронскиот систем за управување со предмети и документи | | |

### 3. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата

Во однос на 14 инцијативи на МВР предвидени во Годишната Програма за работа на Владата на РСМакедонија за 2025 година, **три иницијативи се реализирани** *(Предлог-измена на Одлуката за формирање на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал*; *Стратешка проценка за закани од организиран и сериозен криминал*; *Законот за внатрешни работи*), **пет иницијативи се во завршна фаза на изработка/доработка** (*Закон за оружје; Закон за изменување и дополнување на Закон за координација на безбедносно разузнавачката заедница; Национална Стратегија за борба против организиран криминал; Закон за експлозивни материи за цивилна употреба; Национална Стратегија за контрола на мало и лесно оружје*), **три се повторно утврдени за иницијативи на МВР за 2026 година во ГПВРСМ** (*Закон за складирање и заштита од запаливи течности и гасови; Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за странци; Закон за измени и дополнување на Закон за гранична контрола*), **нереализирана е една иницијатива** (*Проект „Бизнис без корупција“*), а **за две иницијативи МВР не го известува ГС на ВРСМ** (*Националната Стратегија за интегрирано гранично управување со акциски план за периодот 2026-2030* (чиј рок на донесување беше октомври 2025 година), бидејќи носител на оваа стратегија е Националниот координативен центар за гранично управување, кое е владино тело, а МВР партиципира и за *Законот за изменување и донесување на Закон за меѓународна и привремена заштита*, од причина што согласно Патоказот за владеење на правото како стратешки реформски документ е предвидено измената на предметниот Закон да биде во 2026 година, со цел усогласување со европските Директиви кои се во процес на донесување.

### 4. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на МВР

Во 2024 година изработени се *Годишните планови на МВР за 2024 година за обука, јавни набавки и внатрешна ревизија.*

- Согласно Годишниот план за обука на работниците во МВР за 2025 година, во насока на стручно оспособување, за вработените во организациските единици за потребите на министерството во 2025 година, спроведени се три обуки за ментори, со учество на вкупно 58 работници, обука за оценувачи на 13 работници, две обуки за ракување со оружје, на која присуствувале 11 работници, обука за програмско буџетирање со учество на двајца вработени, семинар на тема „Методологија за управување со договори во јавните набавки и безбедносни појави, со учество на двајца вработени, обука за без државјанство и вклучување во меѓународна заштита на еден работник. Согласно наведеното вклучен број на работници кои учествувале на обуките е 87 од кои 45 мажи и 42 жени. На ниво на Биро за јавна безбедност во текот на 2025 година спроведени се вкупно 435 обуки со учество на вкупно 1.761 вработен, од кои 1.318 се мажи и 443 жени. Поголем дел од обуките се однесуваа во делот на граничното управување и миграција, трговија со луѓе, трговија на мало и лесно оружје, во делот на безбедност на полициското работење и во рамки на проектот „Сина храброст“. Во однос на принципот на еднакви можности на жени и мажи, во 2025 година, 82 полициски службеници од кои 39 мажи и 43 жени учествуваа на едукативни активности поврзани со теми за родова еднаквост и семејно и родово базирано насилство, одржани во земјава (Скопје, Берово, Битола и Велес) и странство (Австрија, Р.Албанија и Р.Србија).

- Според Годишниот план за јавни набавки за потребите на МВР за 2025 година, во надлежност на Одделот за општи и заеднички работи од предвидените 100 постапки за јавни набавки, за 82 постапки е објавен јавен оглас, а за 18 постапки се преземаа активности за објава за оглас по достава на техничка спецификација од крајниот корисник. За 15 постапки е повторена постапката два пати, за седум набавки постапката е повторена три пати, за четири набавки четири пати е повторена е постапката, а за една набавка постапката е повторена пет пати.
- Во Годишниот план на МВР за внатрешна ревизија за 2025 година, кој е во надлежност на Одделението за внатрешна ревизија се реализираат сите планирани активности согласно планот.

## 5. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Активностите предвидени во Годишниот План за работа на МВР за 2025 година кои не се реализираа, причината е најчесто поради недостаток на финансиски средства за нивна реализација, како и поради одлив на човечки ресурси-непополнети работни места и недостаток на материјално-технички средства.

## 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Министерството за внатрешни работи во однос на активностите од Стратешкиот план на МВР 2025 -2027 година, според кои од вкупно 123, во 2025 година се реализираа 78 активности, степенот на реализација е на високо ниво.Во делот на реализирање на *капитални инвестиции* во 2025 година, продолжува изградбата на новиот објект на ПС Аеродром, завршна е реконструкцијата на објекти во Центарот за обука, завршена е адаптација на дел од објектот "Бутел", а во тек е адаптација на објект „11-ти Октомври" (објекти преземени од Министерството за социјална политика, демографија и млади), изработени се спортски терени во рамки на објектот „Поникова, а се изработува планска документација за изградба на два нови објекти (објект Катна гаража на МВР и објект „Кисела Вода"). Исто така, извршена е набавка на 120 возила за потребите на полицијата, а се склучени рамковни спогоди за набавка на униформа за специјалната полиција.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
*Панче Тошковски*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ * MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME * СКОПЈЕ - SHKUP IX

Бр. 16.2.1-45831/1
Скопје, 04 MAR 2026